**дефектолошка стручно-научна проблематика**

**special education-professional and scientific issues**

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС НА ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА

*Даниела ДИМИТРОВА-РАДОЈИЧИЌ*
*Наташа ЧИЧЕВСКА-ЈОВАНОВА*

Филозофски факултет
Институт за дефектологија

# IMPLEMENTATION OF THE BOLOGNA PROCESS AT THE INSTITUTE OF SPECIAL EDUCATION AND REHABILITATION

*Daniela DIMITROVA-RADOJICHIKJ*
*Natasa CHICHEVSKA-JOVANOVA*

Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation

## Резиме

Во овој труд се презентираат промените настанати на студиите по дефектологија при Филозофскиот факултет како дел од Болоњскиот процес. Целта е да се даде компаративен приказ на старата и новата студиска програма.

***Клучни зборови:*** *Болоњски процес, Институт за дефектологија, Европски Кредит Трансфер Систем.*

## Abstract

This paper presents the changes of the studies in special education and rehabilitation at the Faculty of Philosophy due to the Bologna process. The aim is to give a comparative review of the old and the new study program.

***Key words:*** *the Bologna process, Institute of Special Education and Rehabilitation, European Credit Transfer System.*

Основите на Болоњскиот процес се поставени уште во 1988 година во Магна картата на Универзитетот (*Magna Charta Universitatum)* потпишана во чест на 900-годишницата на најстариот Европски Универзитет во Болоња. Друг важен момент во реализацијата на овој процес е Лисабонската конвенција од 1997 година за признавања на високообразовните квалификации во Европскиот регион. После оваа конвенција следи т.н. Сорбонска декларација, потпишана во Париз, во која се истакнува приоритетот за хармонизација на европскиот високообразовен систем.

The bases of the Bologna process were set in 1988, in *Magna Charta Universitatum,* signed in honor of 900 anniversary of the oldest European University in Bologna. Another important moment in carrying out this process was the Lisbon Convention of 1997 on recognition of higher educational qualifications in the European region. After the Lisbon Convention so called Sorbonne Declaration was signed in Paris which pointed out the priority of the harmonization of the European higher educational system.

Адреса за сепаратите:

*Даниела ДИМИТРОВА-РАДОЈИЧИЌ*

Универзитет „Св. Кирил и Методиј”
Филозофски факултет
Институт за дефектологија
„Крсте Мисирков” бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
e-mail: dani.dimitrova@yahoo.com

Address requests for reprint to:

*Daniela DIMITROVA-RADOJICHIKJ*

University "St. Cyril and Methodius"
Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation
"Krste Misirkov" bb, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
e-mail: dani.dimitrova@yahoo.com

По потпишувањето на Болоњската декларација на 19 мај 1999 година, следеа низа на активности кои на различни начини претставуваа делимична ревизија и надополна на Декларацијата (Конвенцијата на европските високообразовни заводи, Саламанка, 2001; Студентска декларација, Гетеборг, 2001; Париско комунике, 2001; Грашка декларација, 2003; Бергенско комунике, 2005).

Со потпишувањето на Болоњската декларација нашата замја се приклучи на групата на европските земји кои се обврзаа на координација на својата политика во областа на високото образование. Накратко, поставена е општа заедничка цел: со истовремено потполно почитување на различноста на националните образовни системи и Универзитетската автономија, со взаемно дејствување да се изгради отворен и конкурентен европски високообразовен простор до 2010 година, што на европските студенти и дипломци би им овозможило непречено слободно движење, дејствување и вработување внатре во така воспоставените отворени европски универзитетски структури.

Потенцирани се неколку клучни Болоњски цели:

- воспоставување на лесно препознатливи системи за споредување на можните дипломски нивоа;
- организација на студиите на принципот на два, односно три нивоа: додипломски, кој би ги вклучил и досегашните магистерски студии по принципот 4+1 или 3+2, во зависност од одлуката на самиот факултет, како и постдипломски (докторски студии, три години);
- воведување на кредитен систем (Европски кредит трансфер систем-ЕКТС) за вреднување на студиските обврски;
- развивање и функционирање на механизми за перманентно следење на напредокот на студентот според резултатите од учењето;
- поттикнување на мобилност на студентите, академскиот и административниот персонал и остварување на компатибилност на студиските програми на интернационално ниво;
- унапредување на европската соработка во осигурувањето на квалитетот на високото образование.

After the Bologna Declaration had been signed on 19th May 1999, other activities followed which in different ways presented partial revision and addition to the Declaration (Convention of European Higher Educational Institutes, Salamanca, 2001; Students' Declaration, Geteborg, 2001; Paris Communiqué, 2001; Graz Declaration, 2003; Bergen Communiqué, 2005).

By signing the Bologna Declaration our country joined the group of European countries that were obliged to coordinate their policies in the field of higher education. Briefly, a common aim was set with total respect for the diversity of the national education systems and the University Autonomy, with mutual activities to build an open and competitive European higher education space till 2020, that will enable European students and graduates free mobility, activity and employment inside such established open European university structures.

Some key Bologna aims were highlighted:

- To establish easily recognizable systems to carry out the possible diploma degrees;
- To organize students on the principle of two, i.e. three degrees: graduate, which includes the master studies on the principle 4+1 or 3+2, depending on the faculty decision, as well as the postgraduate studies (doctoral studies, three years);
- To introduce credit system (European Credit Transfer System-ECTS) for evaluation of students obligations;
- To develop mechanisms and their functioning for permanent follow up of students' success according to the learning results;
- To encourage students, academic and administrative personnel mobility and carry out the compatibility of the students' programs at international level;
- To enhance the European cooperation in assuring the quality of higher education.

Како главни принципи и начела на кои се базира Болоњската декларација најчесто се наведуваат некои од споменатите, главно квалитативни критериуми како што е мобилноста на сите академски кадри без дополнителни административни процедури и заплети, единствен кредитно-акредитациски систем на оценување кој потоа ќе овозможи директна сертификација и признавање на дипломата без досегашниот принцип на нострификација, поквалитетни студии, академска конкурентност итн.

Институот за дефектологија во учебната 2004/05 година започна со имплементација на студиски програми изготвени според основните принципи на Болоњската декларација. Но, пред да дадеме компарација на старата и новата програма да се потсетиме на почетокот на Студиите по дефектологија во Република Македонија. Од учебната 1993/94 година на Институтот за педагогија се отворени студиите по дефектологија, а од учебната 1996/97 година истите продолжуваат да работат како посебен Институт за дефектологија. Студиите траат четири години. Дипломираните студенти се здобиваат со стручно звање: Дипломиран дефектолог. Овој стручен профил, како општ дефектолог се оспособува да изведува воспитно-образовна и рехабилитациона работа со деца со посебни образовни потреби (слепи, слабовидни, глуви, наглуви, ментално ретардирани и телесно инвалидни деца) од предучилишна и основно училишна возраст во посебни предучилишни установи, посебни основни училишта и рехабилитациони установи. Исто така, дипломираниот дефектолог може да работи и во редовните предучилишни и училишни установи, како и во здравствените и социјално-заштитните установи во кои се остваруваат процеси на заштита, образование и рехабилитација, како член на стручниот тим, и да работи со деца со посебни образовни потреби, вклучени во редовните одделенија. Заклучно со 2003/2004 учебна година, односно по стариот начин на студирање се запишаа 11. Од нив заклучно со наведената учебна година дипломирале 302 студенти.

Во подготовката за примена на Болоњската декларација, по повеќемесечното проучување и разработување на истата, беа изработени нови студиски програми на Институтот за дефектологија.

As the main principles on which the Bologna Declaration is based, most frequently are some of the above mentioned ones, especially the quality criteria such as mobility of all academic personnel without additional administrative procedures and obstacles, the unique credit-accreditation system of assessment which consequently enables direct certification and recognition of diplomas without the former principle of validation, better quality studies, academic competition etc.

The Institute of Special Education and Rehabilitation started implementing the study program according to the basic principles of the Bologna declaration in 2004/5. But before comparing the old and the new curriculums let us remember the beginning of the special education and rehabilitation studies in the Republic of Macedonia. In 1993/94 the special education and rehabilitation studies were opened within the Institute of Pedagogy, and in 1996/97 they continued to function as a separate Institute of Special Education and Rehabilitation. The studies last for four years. The graduated students achieve the title: a graduated special educator. This professional profile, a special educator, is trained to perform upbringing, education and rehabilitation in children with special education needs (blind, having poor vision, deaf, hard-of-hearing, mentally retarded and physically disabled children) at pre-school and school age in special pre-school institutions, special primary schools and rehabilitation institutions. Graduated special educators can work in mainstream pre-school and school institutions as well as in health and social care institutions in which the process of care, education and rehabilitation is carried out. They can be members of professional teams and work with children with special education needs included in the mainstream classes. With the academic 2003/04 inclusive, i.e. according to the old way of studies there were 11 enrolled students, out of which there were 302 graduates.

In preparing for the implementation of the Bologna Declaration, after several months of working on it, the new study curriculums were worked out at the Institute of Special Education and Rehabilitation.

Во новиот Наставен план, сите повеќесеместрални предмети беа поделени на едносеместрални, а се воведоа и повеќе изборни предмети.

In the New Curriculum, all more semester subjects were divided into one semester subjects and more optional subjects were included.

*Преглед на **досегашниот** и на **новиот** наставен план:*

*Review of the **former** and the **new** curriculum:*

**Стар наставен план-Old Curriculum**

| **Семестар** Semester | I | II |
|---|---|---|
| Општа дефектологија *(Elements of special education and rehabilitation)* | 3+2 | 3+2 |
| Општа педагогија *(General pedagogy)* | 3+1 | 3+1 |
| Општа психологија *(General psychology)* | 3+1 | |
| Физиологија со функционална анатомија *(Physiology with functional anatomy)* | 2+1 | 2+1 |
| Филозофија *(Philosophy)* | 2+0 | 2+0 |
| Социологија *(Sociology)* | 2+0 | 2+0 |
| Македонски јазик со култура на говорот *(Macedonian language)* | 0+2 | 0+2 |
| Странски јазик *(Foreign language)* | 0+2 | 0+2 |
| Дефендологија *(Defense science)* | 2+1 | 2+1 |
| Невропсихологија со психомоторна реедукација *(Neurophysiology with psycho-motor Re-education)* | | 2+2 |
| Физичко воспитување *(Physical education)* | 0+2 | 0+2 |

**Нов наставен план-New Curriculum**

| **I семестер** | **I semester** |
|---|---|
| Основи на дефектологијата *(Elements of Special Education and Rehabilitation)* | 4+2 (9) |
| Педагогија *(Pedagogy)* | 4+1 (7) |
| Филозофија *(Philosophy)* | 4+1 (6) |
| Македонски јазик *(Macedonian language)* | 2+1 (6) |
| Физичко вопситување *(Physical education)* | 0+2 (0) |
| **II семестер** | **II semester** |
| Психологија *(Psychology)* | 4+1(7) |
| Хумана генетика 1 *(Human genetics 1)* | 3+1 (6) |
| Физиологија со функционална анатомија *(Physiology with functional anatomy)* | 4+2 (8) |
| Дефендологија *(Defense science)* | 2+1 (2) |
| Социологија *(Sociology)* | 3+1 (5) |
| Физичко вопситување *(Physical education)* | 0+2 (0) |
| **Задолжително изборни предмети во I и II семестар (се избира еден)** | |
| **Compulsory optional subjects in I and II semester (one is chosen)** | |
| Англиски јазик 1 *(English language 1)* | 2+0 (2) |
| Француски јазик 1 *(France language 1)* | 2+0 (2) |
| Руски јазик 1 *(Russian language 1)* | 2+0 (2) |
| Германски јазик *(German language 1)* | 2+0 (2) |

Анализирајќи го распоредот на предметите во I и II семестар, во новата студиска програма скоро сите предмети се едносеместрални, за разлика од старата каде повеќето од предметите се двосеместрални (освен Општа психологија). Што се однесува до фондот на часови, забележуваме дека доаѓа до намалување на оптовареноста на студентите. Имено, во старата програма вкупниот неделен фонд за двата семестри изнесуваше 33 часа предавања и 25 часа вежби, а во новата програма 30 предавања и 17 часа вежби. Испитите во старата програма се полагаа по вториот семестар, со исклучок на предметот општа психологија кој можеше да се полага после првиот семестар. Според старата програма, студентот можеше да се запише во наредната година со неположени 2 испита од претходната. Во новата програма, студентите имаат право на сукцесивно оценување преку 2 теста за време на семестарот со можност за ослободување од завршен испит по соодветната предметна програма. Во оформувањето на конечната оценка, покрај резултатите од двата теста влегува и: редовната посета и активно учество на предавањата и вежбите, семинарската работа, презентираната тема на час, изработената библиографија и изработениот есеј. За сите овие активности, студентите добиваат одреден број на поени. Во зависност од бројот на освоени поени се добива соодветна оцена (на пр.: од 51-60 поени-оцена шест, итн.). Доколку студентот има доволно поени за преодна оценка, ги добива кредитите за предметот кои се предвидени во студиската програма (за секој предмет кредитите се дадени во заградата до фондот на часови). Вкупниот број на кредити за семестар изнесува 30 кредити. Студентот за да запише II семестар треба да има освоено минимум 21 кредит, а за III семестар студентот мора да ги положи сите заостанати испити од I и од II семестар, значи да освои 60 кредити. Доколку не ги исполни овие критериуми, односно не положи некој испит, тогаш го квадрира истиот.

Analyzing the schedule of the subjects in the I and II semester, according to the New Curriculum all subjects last one semester, contrary to the Old Curriculum where more of the subjects lasted for two semesters (except General Psychology). In regard with the number of classes, it can be noticed that the overloading of students has been reduced. According to the Old Curriculum, the total number of classes weekly in both semesters was 33 classes of lectures and 25 classes of exercises and according to the New Curriculum there are 30 classes of lectures and 17 classes of exercises. The exams were taken after the 2$^{nd}$ semester, except the subject General Psychology which could have been taken after the 1$^{st}$ semester. According to the Old Curriculums students could enter the next year with 2 non-passed exams from the previous year. According to the New Curriculum students have the right to successive assessments through 2 tests during the semester with possibility for being released from the final exam of appropriate subject program. In forming the final mark, besides the results of the two tests the following is taken into consideration: regular and active participation at lectures and exercises, seminar papers, presented topics at classes, produced bibliography, worked out essay. Students get credits for all these activities. Depending on the number of achieved credits, the student gets an appropriate mark (for instance 51-60 credits-the mark is 6, etc.) If the student passes the exam he/she gets the credits for the subject anticipated in the study program (the credits for each subject are given in brackets next to the number of classes). The total number of credits is 30 per semester. In order to enter the II semester the student has to acquire the minimum of 21 credits and to enter the III semester the student has to pass all exams left from the 1$^{st}$ and the 2$^{nd}$ semester, i.e. to acquire 60 credits. Unless the student fulfills the criteria, i.e. passes the exams, he/she repeats the semester.

**Стар наставен план-Old Curriculum**

| **Семестар** ***(Semester)*** | **III** | **IV** |
|---|---|---|
| Хумана генетика *(Human Genetics)* | 2+1 | 2+1 |
| Невропсихологија со психо-моторна реедукација *(Neurophysiology with psycho-motor re-education)* | 2+2 | 2+2 |
| Предучилишна педагогија *(Preschool Pedagogy)* | 2+1 | 2+1 |
| Историја на педагогија *(History of Pedagogy)* | 2+1 | 2+1 |
| Развојна психологија *(Developmental Psychology)* | 2+1 | 2+1 |
| Педагошка психологија *(Pedagogical Psychology)* | 2+1 | 2+1 |
| Медицински основи на хендикепираноста *(Medical elements of handicap)* | 3+1 | 3+1 |
| Структурална дефектологија *(Elements of Special Education and Rehabilitation)* | 3+2 | 4+2 |
| Општа логопедија *(General Speech Therapy)* | 2+2 | 2+2 |
| Логика *(Logic)* | 2+0 | |
| Физичко воспитување *(*Physical education) | 0+2 | 0+2 |

**Нов наставен план-New Curriculum**

| **III семестер** | **III (*semester*)** |
|---|---|
| Хумана генетика 2 *(Human Genetics 2)* | 3+1 (4) |
| Невропсихологија со психо-моторна реедукација 1 *(Neurophysiology with psycho-motor re-education 1)* | 2+2 (4) |
| Развојна психологија *(Developmental Psychology)* | 2+2 (6) |
| Медицински основи на лица со пречки во развојот 1 *(Medical elements of people with disabilities 1)* | 3+1 (4) |
| Логопедија *(Speech Therapy)* | 3+1 (6) |
| Дидактика *(Didactics)* | 3+2 (6) |
| **IV семестар** | **IV semester** |
| Невропсихологија со психо-моторна реедукација 2 *(Neurophysiology with psycho-motor re-education)* | 2+2 (5) |
| Медицински основи на лица со пречки во развојот 2 *(Medical elements of people with disabilities 2)* | 3+1 (4) |
| Сурдологија *(Surdology)* | 4+1 (5) |
| Тифлологија *(Tiphlology)* | 4+1 (5) |
| Олигофренологија *(Oligofrenology)* | 4+1 (5) |
| Соматопедија *(Somatopedy)* | 4+1 (5) |

Според старата програма студентите имаа право да ги полагаат испитите по IV-тиот семестар за разлика од новата каде што сите испити се едносеместрални и може да се полагаат по нивното слушање. Како и во претходната година и овде може да се забележи дека е намален бројот на часови и вежби, односно од 43 часа предавања намалено е на 37 часа и од 28 на 16 часа вежби неделно. Друга новина е тоа што предметот Структурална дефектологија е поделен на неколку предмети, и тоа: Олигофренологија, Тифлологија, Сурдологија и Соматопедија.

Во новата програма, по завршувањето на IV семестар студентите можат да избираат меѓу две подрачја: општа дефектологија или логопедија. Во продолжение, ја презентираме програмата за профилот општ дефектолог.

According to the Old Curriculum students have the right to take exams after the IV semester contrary to the New Curriculum, due to one semester subjects, the exams can be taken after the semester finishes. As in the first year, it is noticed that the number of classes of lecture and exercises is reduced, i.e. 43 classes of lecture are reduced to 37 and 28 classes of exercises are reduced to 16 weekly. The news is that the subject Structural Special Education and Rehabilitation has been divided into other subjects: Oligofrenology, Tiphlology, Surdology and Somatopedy.

According to the New Curriculum, after finishing the IV semester students can choose between two divisions: General Special Education and Rehabilitation and Speech Therapy. Herewith we present the program of the Special Educator profile.

**Стар наставен план-Old Curriculum**

| **Семестар** ***(Semester)*** | **V** | **VI** |
|---|---|---|
| Логика *(Logic)* | 2+0 | |
| Психологија на хендикепирани лица *(Physiology of people with handicap)* | 2+1 | 2+1 |
| Дефектолошка дијагностика *(Defectology diagnostics)* | 2+2 | 2+2 |
| Ортопедагогија *(Orthopedagy)* | 2+1 | 2+1 |
| Дидактика со специјална дидактика *(Special didactics)* | 3+3 | 2+3 |
| Методика на ран третман и предучилишно воспитување на хендикепирани лица *(Methodology of early treatment of pre-school upbringing and educational work of children with disabilities)* | 3+3 | 2+3 |
| Методологија на истражувањето во дефектологијата *(Methodology in Special Education research)* | 2+1 | 2+1 |
| Статистика *(Statistics)* | 1+2 | 1+2 |
| Социјална заштита на хендикепирани лица *(Social protection of disable people)* | 2+1 | |
| Економика на образованието *(Economic in education)* | 2+1 | |
| Физичко воспитување *(Physical education)* | 0+2 | 0+2 |

**Нов наставен план-New Curriculum**

| **V семестер** | **V semester** |
|---|---|
| Психологија на лица со пречки во развојот *(Phisology of people with disabilities)* | 3+1 (7) |
| Рана интервенција на деца со пречки во развојот *(Early intervention of children with disabilities)* | 4+2 (8) |
| Методологија на научно истражување *(Methodology of scientific research)* | 4+2 (7) |
| Дијагностика на лица со пречки во развојот 1 *(Diagnostic of people with disabilities 1)* | 3+2 (6) |
| **VI семестар** | **VI semester** |
| Методика на предучилишната восп.-обр. работа на деца со пречки во развојот *(Methodology of pre-school upbringing and educational work of children with disabilities)* | 3+2 (6) |
| Статистика *(Statistics)* | 2+3 (6) |
| Професионална ориентација и оспособување на лица со пречки во развојот *(Professional orientation and training of people with disabilities)* | 3+2 (6) |
| Превенција и ресоцијализација на лица со пречки во однесувањето *(Prevention and re-socialization of people with bihevioral disabilities)* | 3+3 (6) |
| Дијагностика на лица со пречки во развојот 2 *(Diagnostics of people with disabilities 2)* | 2+2 (4) |

Соодносот на неделниот фонд на часови во старата програма изнесуваше 34+32, а во новата тој е намален на 31+19. Во новата програма се воведоа повеќе изборни предмети сè со цел да се задоволат афинитетите и интересите на студентот за други научни дисциплини или гранки.

Во V семестар студентите имаат можност да изберат еден од понудените 5 задолжително изборни предмети (домско воспитно-образовна работа на лица со пречки во развојот, етика, економика на образование, логика, социологија на здравје и болест).

The number of classes according to the Old Curriculum was 34+32 weekly compared to 31+19 classes weekly according to the New Curriculum. The New Curriculum includes more optional subjects aiming to satisfy the affinity and interests of students for other scientific disciplines or fields. In the V semester students can choose one of five compulsory optional subjects (Institutional upbringing and education of people with developmental disabilities; Ethics, Economics of Education; Logic; Sociology of Health and Disease).

Додека во VI семестар студентите избираат од следниве пет: детска и младинска психопатологија, методика на одделенска настава, предучилишна педагогија, ментална хигиена и педагошка психологија. Фондот на часови на овие предмети изнесува 2+0 и секој од нив носи по 2 кредита.

While in the VI semester they can choose from: Children and Youth Psychopathology; Methodology of Primary-school Teaching; Pre-school Pedagogy; Mental Hygiene; and Pedagogical Psychology. The number of classes for these subjects is 2+0 and each one gets 2 credits.

**Стар наставен план-Old Curriculum**

| Семестар (Semester) | VII | VIII |
|---|---|---|
| Социјална заштита на хендикепирани лица *(Social protection of people with handicap)* | 2+1 | |
| Економика на образованието *(Economic in education)* | 2+1 | |
| Методика на одделенска настава со лесно ментално ретардирани ученици *(Methodology of work with mild mentally retarded students)* | 2+4 | 2+4 |
| Методика на одделенска настава со глуви и наглуви ученици *(Methodology of work with deaf and hard-of-hearing students)* | 2+4 | 2+4 |
| Методика на одделенска настава со слепи и слабовидни ученици *(Methodology of work with blind and poor vision students 1)* | | 2+4 |
| Методика на одделенска настава со телесно инвалидни ученици *(Methodology of work with physically disabled students)* | | 2+4 |
| Методика на восп-обр. Работа со лица со тешка и комбинирана хендикеп. *(Methodology of work with people with hard and combined handicap)* | 3+4 | |
| Професионална ориентација и оспособување на хенд. лица *(Professional orientation and traning of people with disabilities)* | 3+4 | |
| Физичко вопситување *(Physical education)* | 0+2 | 0+2 |
| **Задолжително изборни предмети (се бира еден)** ***(Compulsory optional subjects in I and II semester (one is chosen))*** | | |
| Домска восп-обр. работа со хендикепирани лица *(Boarding school upbringing and educational work with people with disabilities)* | 2+2 | 2+2 |
| Социјална психологија *(Social psychology)* | 2+0 | 2+0 |
| Социјална педагогија *(Social pedagogy)* | 2+0 | 2+0 |
| Семејна педагогија *(Family pedagogy)* | 2+0 | 2+0 |

**Стар наставен план-Old Curriculum**

| VII семестар | VII semester |
|---|---|
| Методика на работа со лесно ментално ретардирани ученици 1 *(Methodology of work with mild mentally retarded students 1)* | 3+3 (6) |
| Методика на работа со глуви и наглуви ученици 1 *(Methodology of work with deaf and hard-of-hearing students 1)* | 3+3 (6) |
| Методика на работа со слепи и слабовидни ученици 1 *(Methodology of work with blind and low vision students 1)* | 3+3 (6) |
| Методика на работа со телесно инвалидни ученици 1 *(Methodology of work with physically disabled students 1)* | 3+3 (6) |
| Методика на работа со лица со тешки и комбинирани пречки 1 *(Methodology of work with people* with hard and combined disabilities 1) | 3+3 (6) |
| **VIII семестар** | **VIII semester** |
| Методика на работа со лесно ментално ретардирани ученици 2 *(Methodology of work with mild mentally retarded students 2)* | 3+2 (4) |
| Методика на работа со глуви и наглуви ученици 2 *(Methodology of work with deaf and hard-of-hearing students 2)* | 3+2 (4) |
| Методика на работа со слепи и слабовидни ученици 2 *(Methodology of work with blind and low vision students 2)* | 3+2 (4) |
| Методика на работа со телесно инвалидни ученици 2 *(Methodology of work with physically disabled students 1)* | 3+2 (4) |
| Методика на работа со лица со тешки и комбинирани пречки 2 *(Methodology of work with people with hard and combined disabilities 1)* | 3+2 (4) |
| Социјална заштита на лица со пречки во развојот *(Social protection of people with disabilities)* | 3+1 (5) |
| Дипломска работа (Diploma work) | (5) |

Во старата програма неделниот фонд на часови и вежби изнесуваше 24+40, во новата 33+26.

И покрај добрите страни на овој ЕКТС, во изготвувањето на Наставниот план, по кој веќе работаат студиите, допуштени се одредени недостатоци, како на пример во драстичното намалување на фондот на часовите за вежбите, односно за изведување на практичната настава, што е спротивно дури и на Болоњскиот процес. Во новите измени и дополнувања на Наставниот план, кои сега се заговараат и подготвуваат, ќе треба да се настојува да се зголеми фондот на часовите за практичната настава, особено на предметите по методиките.

Во старата програма вкупниот број на предмети изнесуваше 36 предмети (тро-, дво- и едно-семестрални), плус дипломската работа. Во новата програма бројот на предмети е зголемен на 47 едносеместрални предмети, плус дипломската работа. Но, вкупниот неделен фонд на часови за сите четири години е намелен од 134 на 131 часа предавања, а вежбите од 125 на 78 часа. Со други зборови, студентите по старата програма имаа вкупно 259 часа, во новата програма тој број изнесува 209 часа (предавања и вежби). Имено, по ЕКТС системот се зема предвид и времето кое студентот го поминува во учење, самостојна работа во библиотека, изработка на семинарски работи, библиографија итн.

Друга значајна новина е тоа што по завршувањето на студиите, студентот добива Прилог кон дипломата (Diploma Supplement), чија цел е да овозможи достапни и независни податоци за унапредување на меѓународната транспарентност и праведно академско и професионално признавање на квалификации (дипломи, титули, уверенија, итн).

На крај може да заклучиме дека со Болоњскиот процес дефинитивно се приклучуваме во ерата на глобализацијата на високото образование. Но, секако дека постојат многу предизвици. Имено, искуствата од другите земји покажуваат дека промените се неизбежни и потребно е да се изнајдат начини сите негативни влијанија да се маргинализираат. Тоа е можно, само ако промените ги воведеме во склад со општествените услови и потреби.

The number of classes according to the Old Curriculum was 24+40 weekly compared to 33+26 classes weekly according to the New Curriculum.

Besides the good sides of ECTS, in preparing the New Curriculum according to which the studies function, there are also certain disadvantages, for e.g. drastic reduction of the exercise classes, i.e. practical teaching, which is contrary even to the Bologna process. In the new changes and additions to the New Curriculum, which are being prepared at present, the number of classes for practical work, and especially for the subject of methodology, has to be increased.

According to the Old Curriculum the total number of subjects taught was 36 subjects (three-, two- and one-semester ones), plus a diploma thesis, and according to the New Curriculum the number of subjects taught has been increased to 47 one-semester subjects, plus a diploma thesis. But the total number of classes for all four years has been reduced from 134 to 131 classes of lectures, and the classes for exercises have been reduced from 125 to 78 classes. In other words, according to the Old Curriculum students had 259 classes, and 209 classes (lectures and exercises) according to the New Curriculum. Thus, ECTS system takes into consideration the time that students spend on studying, their individual work in libraries, their seminar works, bibliography etc.

The news is that after finishing the studies students get a Diploma Supplement that enables accessible and independent data to enhance the international transparency and appropriate academic and professional recognition of qualifications (diploma, titles, certificates etc.).

Finally we can conclude that with the Bologna process we definitely join the era of globalization of the higher education. But there are certainly a lot of challenges. Thus, the experience from other countries indicates that changes are unavoidable and it is necessary to find out different ways to marginalize all negative influences. That is possible only if changes are introduced according to social conditions and needs.

***Литература / References***


1. **Bologna Declaration**, *Joint Declaration of the European Ministers of Education,* June 19, 1999.
2. **Миовска-Спасева С**. *Предизвиците на универзитетската настава.* Годишен зборник на Филозофски факултет, 2007; 60: 33-51.
3. *Национална пограма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015,* Министерство за образование и наука на Република Македонија, Скопје, 2004.
4. *Прирачник за студентите на Институтот за дефектологија-2001/2002,*Филозофски факултет, Скопје, 2001.
5. *Прирачник за студентите на Институтот за дефектологија-2006/2007,*Филозофски факултет, Скопје, 2006.
6. *Towards the European Higher Education Area*, Communiqué of the meeting of European Minister sin charge of Higher Education, Prague, May 19, 2001 Magna Charta Universitatum, 1988.
7. http://www.bologna-bergen 2005.no/